Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Крива Паланка

# 40 години
# ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЦПЛИП – ПОРАКА КРИВА ПАЛАНКА

## ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ НА ЛИЦАТА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ И НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА ВО ОПШТИНИТЕ КРИВА ПАЛАНКА И РАНКОВЦЕ

Крива Паланка, 3 ноември 2022 година

# ЧЕТИРИЕСЕТ ГОДИНИ ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЦПЛИП – ПОРАКА КРИВА ПАЛАНКА ВО ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ НА ЛИЦАТА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ И НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА ВО ОПШТИНИТЕ КРИВА ПАЛАНКА И РАНКОВЦЕ

## СОДРЖИНА:


1. **Вовед**
2. **Усогласување на Статутот на ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка согласно Законот за здруженија и фондации, регистрација и пререгистрација - правна регулатива**
3. **Регистрација на членство во ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка**
4. **Реализација на зацртани цели и задачи (кампањи, трибини, конференции) во насока на реализација на права и услуги на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства**
5. **Одбележување на 3-ти Декември – Меѓународен ден на лицата со попреченост**
6. **Финансирање**
7. **Заклучни согледувања**



Подготвил:
**Михајло Колев, Претседател на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка**

Техничка подготовка:
**Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА**

Тираж: **200 примероци**

**Печатењето е овозможено од Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА**

# 1. ВОВЕД

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Крива Паланка (ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка)** е граѓанска, доброволна, самостојна, непрофитна и некомерцијална инвалидска организација, со социјално хуманитарни цели за обезбедување на севкупна општествена грижа и третман на лицата со интелектуална попреченост на територијата на Општина Крива Паланка и Општина Ранковце, како и остварување и заштита на нивните граѓански, економски, социјални, културни, образовни и други права утврдени со Уставот и другите законски прописи, стратегии и конвенции.
Целната група на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка се лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства.
**ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка делува како една од локалните организации на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА (повеќе на www.poraka.org.mk).**

**Целите и задачите на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка се утврдени во Статутот:**
- Иницира обезбедување на севкупна општествена грижа и третман на лицата со интелектуална попреченост;
- Дава поддршка и помага во опфаќање, собирање и ангажирање на родителите- старателите, згрижувачите и пријателите на лицата со интелектуална попреченост во работата на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка во органите и телата;
- Го следи третманот на лицата со интелектуална попреченост, ги следи потребите и проблемите и предлага соодветни решенија;
- Се залага за доследна примена на законските прописи;
- Ги информира лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства за нивните права и начинот на остварување на истите;
- Рано откривање, упатување за дијагностицирање и водење регистар на лицата со интелектуална попреченост;
- Учествува во јавна расправа при донесување на закони и правилници со кои се регулираат прашања во интерес на лицата со интелектуална попреченост;
- Реализира и други работни задачи произлезени од програмските активности на РЦПЛИП - ПОРАКА и други носители на социјалната заштита.

# 2. УСОГЛАСУВАЊЕ НА СТАТУТОТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ, РЕГИСТРАЦИЈА И ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Крива Паланка е правно лице кое е регулирано според Законот за здруженија и фондации, согласно кој се вршат и одредени усогласувања на статутот и регистрацијата.** Во изминатиот период беа реализирани следните усогласувања и регистрации:
- На 3.11.1982 година, за прв пат е регистрирано Друштвото за помош на ментално ретардирани лица – Крива Паланка и запишано во Регистарот на здруженија на граѓаните во Општина Крива Паланка, кој се води при Секретаријатот за внатрешни работи Крива Паланка, а на 16.12.1982 година извршено е разврстување по дејност од страна на Државниот завод за статистика, со подгрупа општествена организација со социјално хуманитарни цели.
- На 9.2.1999 година, Друштвото за помош на ментално ретардирани лица се преименува во Центар за помош на лица со ментален хендикеп – ПОРАКА Крива Паланка, согласно решението на Основниот суд во Крива Паланка како надлежен суд за регистрација на невладини организации. Во оваа насока е извршено и усогласување на Статутот.
- На 19.2.2004 година, Центарот за помош на лица со ментален хендикеп - ПОРАКА Крива Паланка се преименува во Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Крива Паланка, а во Централниот регистар неговиот организационен облик се дефинира како социјално хуманитарно здружение и како таков е запишан во регистарот на вистински сопственици. Во оваа насока е извршено усогласување на Статутот со донесување на пречистен текст.
- ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка има статус на инвалидска организација согласно Законот за инвалидски организации и како таков е заведен во Регистарот на инвалидски организации што се води во Министерството за труд и социјална политика. ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка е членка на националната инвалидска организација Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, согласно Законот за инвалидски организации.

# 3. РЕГИСТРАЦИЈА НА ОСНОВАЧИ И ЧЛЕНСТВО ВО ЦПЛИП - ПОРАКА КРИВА ПАЛАНКА

**Членството во ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка е доброволно и индивидуално.**
**Членството го сочинуваат самите лица со интелектуална попреченост, нивните родители, старатели, згрижувачи, роднини, волонтери, кои доброволно ќе потпишат пристапница за индивидуално членство во ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка.**

Секој член може доброволно да истапи од ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка.
Истапувањето се врши со писмена изјава на членот дека доброволно истапува од членството. Членството може да престане и ако членот не го почитува Статутот и работи против интересите на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка.

Со задоволство може да потенцираме дека членовите – родителите, згрижувачите и волонтерите за овој период учествуваа во активностите на здружението и беа редовни на состаноците на органите и телата на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка, и се нема случено поради немање на кворум да не се одржи седница на Управниот одбор односно Собранието на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка.

При изготвувањето на SWOT анализите за годишното работење на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка се констатира дека активноста на членовите на органите и телата и членството е една од појаките страни за функционирањето на ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка.

# 4. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАЦРТАНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВА И УСЛУГИ НА ЛИЦАТА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА СО ПОПРЕЧЕНОСТ И НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

**Вршејќи анализа на четириесет годишното работење на органите и телата на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка изразени преку четиригодишните и годишните извештаи за работа, носиме општ заклучок дека целокупното делување на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка е насочено кон извршување на основните цели и задачи утврдени во Статутот на ЦПЛИП ПОРАКА Крива Паланка, законските прописи со кои се регулираат остварувањата на одредени права и услуги од разни области во интерес на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства, како и насоките добиени од страна на РЦПЛИП - ПОРАКА за реализација на одредени активности.**

Во извршувањето на работните задачи ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка соработува со ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, локалната самоуправа, со стручните тимови во претшколско и основно образование, Центарот за вработување, Фондот за здравство и Здравствен дом - Крива Паланка, а поаѓајќи од фактот дека секој посебно и сите заедно се со единствена цел обезбедување, промовирање и целосна реализација на човековите права на лицата со интелектуална попреченост без дискриминација од било кој вид.

Анализирајќи го овој период, посебно раниот период, се констатира дека јавната свест за проблемите и потребите на лицата со интелектуална попреченост е на многу ниско ниво, односно сè уште беа присутни предрасудите и стереотипите, почнувајќи од раѓањето на детето, и е пропратено во сите фази на развојот, односно животот. Овие празнини -дискриминации не се вообичаени само на национално и локално ниво кај нас, истите дискриминации се присутни во целиот свет.

Во изминатиот период реализирани се многу кампањи, трибини, конференции, одбележувања на повеќе европски години на различни теми. Ќе потенцираме одредени кампањи, трибини, форуми, конференции, а други само ќе ги наброиме, иако и тие по ништо не се разликуваат од елаборираните.

**На Европско ниво 2003 година беше прогласена како Европска година на лицата со попреченост, а се одбележа под мотото „Еднакви права – еднакви можности“.** На национално и локално ниво беше прифатено ова мото, односно на локално ниво Собранието на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка донесе и реализираше своја програма,

како дел од кампањата **„Не ја тестирајте само Вашата интелигенција, тестирајте ја и Вашата човечност“ на РЦПЛИП – ПОРАКА**, со која беа опфатени областите:

- **Социјална сигурност,**
- **Образование за сите и можност за вработување,**
- **Здравствена заштита и рехабилитација,**
- **Деинституционализација.**

**Со цел за целосен пристап во реализација на севкупните права на лицата со попреченост, Генералното собрание на ОН на 13.12.2006 година ја донесе Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, која Конвенција е ратификувана и од страна на Собранието на Република Македонија на 5.12.2011 година.**
Согласно Конвенцијата државите потписнички се обврзуваат да ги применуваат општите принципи и да преземаат обврски и одговорности за обезбедување и промовирање на човековите права и слободи на лицата со попреченост без дискриминација.

Поаѓајќи од важноста на Конвенцијата, **Европската комисија предложи 2007 година да биде прогласена како „Европска година на еднакви можности за сите“.**
Со цел да се вклучиме во одбележувањето на Европската година, на локално ниво ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка реализираше активности во рамките на националната кампања **„Преку различност до еднаквост во општеството“ на РЦПЛИП – ПОРАКА,** која се базираше на 4 принципи:

- **Права**
- **Претставување**
- **Признавање и**
- **Почит**

Секој принцип посебно и сите заедно имаат една заедничка цел преку различноста да се дојде до еднаквост во општеството. А тоа ќе се реализира преку:

- **Остварувања на човековите права**
- **Социјална сигурност**
- **Образование**
- **Здравство и рехабилитација**
- **Вработување и**
- **Прифаќање во заедницата без предрасуди и**
- **Активно учество во сите сегменти на општеството.**

По овој повод Собранието на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка донесе Програма за реализација на кампањата на која беа одредени активностите. Централниот настан се одржа во салата на општина Крива Паланка во присуство на градоначалникот на Крива Паланка, претставници на Извршната канцеларија на РЦПЛИП - ПОРАКА, раководители на владини институции (ЈУ МЦСР, образование, здравство, Центар за вработување, Фонд на здравство и ПИОМ, Општински Црвен крст, пратеникот во Собранието на Република Македонија, каде секој од раководителите дадоа свој придонес, потенцирајќи ги нивните активности насочени кон решавање на прашањата и проблемите на лицата со интелектуална попреченост.
Кампањата се реализира и во двете основни училишта во Крива Паланка, каде се разговараше со учениците во насока на инклузивно образование на децата со попреченост, нивна интеграција, социјализација заедно со нив. Кампањата се реализираше и во Општина Ранковце во локалната самоуправа и основното училиште.

**Кампањата за вработување на лица со интелектуална попреченост се реализира под мотото „Што со моите права?“ во насока поддршка за вработување на лицата со интелектуална попреченост.**
Согласно добиените насоки од РЦПЛИП – ПОРАКА беше изготвена и усвоена програма во која беа определени термини за одржување на трибини и округли маси во локалните самоуправи Крива Паланка и Ранковце, на кои присуствуваа претставници на локалните самоуправи, Центарот за вработување, родителите на лица со интелектуална попреченост, стопанственици.
Кампањата и трибините имаа позитивен ефект, беше формирана комисија од 3 члена која изврши посета на 3 заштитни друштва кои во тој период вработуваа 10 лица со паричен надоместок за нивно вработување.

Во овој дел би ја одбележале и **Конференцијата на тема „Потреба од формирање на сервисни служби за лицата со интелектуална попреченост во место на живеење - идни перспективи“** на која беа поканети и присуствуваа претставници на локалната самоуправа, владини и невладини организации, претшколско и

основно образование. **По исцрпни дискусии беа донесени повеќе заклучоци, доставени до соодветните наслови заради нивна примена:**

- **Бесплатни градинки и забавишта за деца со попреченост.**
- **Инклузивно образование.**
- **Вработување на логопед и дефектолог во претшколско и основно образование.**
- **Учество на родителите во работни тела и комисии, кога се дискутира за прашања од интерес за нивните деца.**

Учество во **Форум за обезбедувачи на сервисни служби во организација на РЦПЛИП -ПОРАКА во Скопје на тема „Трансформација - преод од институционална заштита на лицата со попреченост во грижа на заедницата“** со изнаоѓање можност за формирање на социјални сервисни служби за поддршка на лицата со попреченост по место на живеење.

Во овој период, РЦПЛИП - ПОРАКА беше носител и на други кампањи, трибини, форуми кои беа преземени од страна на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка заедно со информативниот материјал (летоци, спотови, плакати) кој се дистрибуираше до целните групи, се изготвуваа програми, се реализираа дебати и дискусии се со единствена цел за подигнување на јавната свест, а ќе ги наведеме:

- **Не ја тестирајте само Вашата интелигенција, тестирајте ја и Вашата човечност;**
- **Сиромаштијата и интелектуалната попреченост;**
- **Подигнување на јавната свест во однос на правата и потребите на лицата со интелектуална попреченост.**

Во овој дел со посебно задоволство би го потенцирал фактот од одржување на викенд средби во организација на РЦПЛИП – ПОРАКА, на кои средби присуствуваа родители со деца со интелектуална попреченост, присуствуваа лекари специјалисти кои посебно разговараа со родителите и работеа со нивните деца со интелектуална попреченост. Средбите беа позитивно оценувани, затоа што исто така важен елемент беше и меѓусебниот разговор на родителите, разменување на искуство и сл. Средбите се одржуваа во Струга и Кочани.

**Во делот на активностите на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка на локално ниво, а во интерес на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства издвојуваме:**

- Во 2001 година, изработен и реализиран е заеднички проект за деинституционализација на штитениците од Специјален завод - Демир Капија склучен помеѓу Општина Крива Паланка, ЈУ МЦСР, Општински Црвен крст и ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка. Беа повлечени 6 штитеници, сместени во згрижувачки семејства во бараки обезбедени од локалната самоуправа и дневно згрижени во дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост. РЦПЛИП – ПОРАКА учествуваше во опремувањето и уредувањето на дневниот центар.
- Изработка на социјална карта за општина Крива Паланка и Ранковце со учество на локалните самоуправи, ЈУ МЦСР, Општинскиот Црвен крст со изготвен анкетен прашалник, склучен меморандум за соработка, формирани пописни региони, обезбедени парични средства, итн.
- Изработка на Предлог за продолжување на родителското право со изработено упатство за родители кои имаат дете со интелектуална попреченост, кој е објавен во гласилото „ПОРАКА“ на РЦПЛИП – ПОРАКА.
- Изготвување на програма за Формирање Центар за социјални услуги во домашни услови за стари и изнемоштени лица и лица со попреченост во 2019 година и доставена до Локалната самоуправа во Крива Паланка и ЈУ МЦСР со предлог примена на алтернативни мерки на заштита по место на живеење.
- Изготвен Извештај за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во Општина Крива Паланка, по повод десет годишнината од ратификацијата на Конвенцијата. Во извештајот беа потенцирани придобивките и постигнувањата за да можат лицата со попреченост да живеат во заедницата и да остваруваат право на претшколско и основно образование, здравство, социјална сигурност, вработување без дискриминација, подобрување на животниот стандард.
- ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка преку своите претставници учествуваше во Форумот на заедниците во Општина Крива Паланка за изготвување на Стратегија за локален економски развој во повеќе сесии, при што предлозите давани од страна на претставниците на ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка беа вметнати во стратегијата, а потоа и во годишните програми на Советот на Општината.
- Сметано од 2017 година, лицата со тешка и длабока интелектуална попреченост и нивен придружник (мајка, татко, старател), во текот на една календарска година остваруваа право на 6 бесплатни повратни билети во меѓуградски превоз. Ова право го користеа 3 членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка, со образложение дека потоа повеќе пари трошат во меѓуградски сообраќај.
- Повеќе вербални и писмени комуникации со претставници на локалната самоуправа и институции за остварувања од одредени права и услуги на семејства кои имаат потреба за тоа, а се обратиле до ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка заради посредување.

# 5. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 3 ДЕКЕМВРИ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Насекаде низ светот, 3 декември како Меѓународен ден на лицата со попреченост се одбележува од 1992 година, а ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка овој ден го одбележува од 1996 година.
Секој пат мотото за одбележување на денот се презема од препораките добиени од Обединети нации, односно од РЦПЛИП – ПОРАКА, во зависност од актуелната потреба од остварување на некое право или услуга во тековната година.

Одбележувањето на денот не може да се замисли без учество на учениците од основните училишта од Крива Паланка и Ранковце, корисниците на услугите од дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост, претставници на ЈУ МЦСР, локалната самоуправа, родителите.
За одбележувањето на денот се изготвува посебна програма во која се утврдени целите и задачите, се формираат комисии за реализација на истите. Секоја година се распишува конкурс за изработка на ликовни творби, поезија и проза со утврдена тематика.
За наградување на ликовните и литературните творби одлучуваат наставници кои работат со учениците и може слободно да потенцираме дека за овој изминат период се пристигнати повеќе од 2.000 ликовни творби. Со директно учество во реализацијата на програмата се инволвирани голем број на ученици кои преку изразените ликовни творби директното ја прифаќаат различноста.

Централниот настан се одржува во спортските сали во основните училишта во Крива Паланка и Ранковце, со присуство на претставници од локалната самоуправа, владини и невладини институции.
Она што исто така го одбележуваме е работата на комисијата за посета на ново-евидентираните семејства кои имаат дете со интелектуална попреченост. Комисијата ја сочинуваат родители на деца со интелектуална попреченост која ги посетува овие семејства, разговара со родителите, укажува за работи од општ интерес за семејствата и за достапните права и услугите.

# 6. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка во изминатиот четириесетгодишен период се реализира преку донесување на Финансов план на приходи и расходи за тековната година. Со истиот се предвидуваат средства кои ќе се остваруваат во тековната година, а приходите во главно беа предвидени да се реализираат од РЦПЛИП – ПОРАКА, локалната самоуправа и пренесени средства од претходната година.

За овој период освен приходи од РЦПЛИП - ПОРАКА, други приходи не се добиени.

Секоја година се доставуваат потребните документи за завршна сметка во Управа за јавни приходи, односно Централен регистар.

# 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Општа констатација е дека ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка на локално ниво во овие четири децении ја оправда основната статутарна и програмска цел и суштина заради која е и формирана.
Во таа смисла, ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка придонесе за целосна интеграција и граѓанско учество на лицата со интелектуална попреченост во согласност со европските вредности и начела. Од тука, лицата со интелектуална попреченост можеа да преземат активна улога во создавањето на инклузивно демократско општество со вклучување во него и да влијаат во процесот на креирање на политика и донесување на одлуки кои ќе влијаат врз нивната добросостојба.

Во изминатото четириесетгодишно функционирање, како на државно, така и на локално ниво, постепено но, сигурно одговоривме на повеќе прашања што ги поставуваа и за кои беа загрижени родителите, односно „Што по нашата смрт со нашето дете?“. Одговорите беа јасни и недвосмислени во позитивна смисла затоа што се нудеше решение на овие горки прашања. Во таа функција беа направени законски измени со кои се зголемуваа услугите и правата од областа на социјалната заштита на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства, односно со примената на алтернативните сервисни служби: самостојно живеење со поддршка, сместување во мал групен дом, сместување во згрижувачко семејство и роднинско згрижувачко семејство, рехабилитација и вработување, бесплатна здравствена заштита, право на инклузивно образование со доделување на образовен и личен асистент, сето тоа со грижа на заедницата, во место на живеење, а не во големите резиденцијални институции.

Акумулираното искуство на ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка во овие четириесет години, на оваа специфична и благородна функција што ја обавува, е гаранција дека и во наредниот период дејноста ќе се унапредува преку национални и локални стратегии за подобрување на правата и услугите за лицата со интелектуална попреченост и примена на нови искуства од европската пракса за оваа дејност, примена на алатки како работилници, семинари, советувања, мапирање состојби на терен со цел за целосен опфат на лицата со интелектуална попреченост – рано откривање, дијагностицирање и обезбедување на ран третман посебно во руралните средини.